Централна кооперативна банка АД Скопје

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 86, став 1, точка 8 од Законот за банките и член 59, став 1, точка 7 од Статутот на Централна кооперативна банка, Собранието на акционерите на Банката, на својата седница на Вонредното собрание, одржана на 31.08.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за именување независен член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје**

**Член 1**

За независен член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје се именува лицето ____________________.

**Член 2**

Лицето од член 1 на оваа одлука се именува со мандат во траење од 4 (четири) години, сметано од денот на добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ.

**Член 3**

За лицето од член 1 на оваа одлука се определува надомест за учество во работата на Надзорниот одбор, во износ од денарска противвредност на 1500 евра по среден курс на НБРСМ на денот на исплатата.

**Член 4**

Се задолжуваат стручните служби на Банката да ја спроведат постапката за добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ за именување независен член на Надзорниот одбор.

**Член 5**

По добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ, да се спроведе постапка за упис на именуваното лице во Централниот регистар на РСМ.

**Член 6**

Одлуката ќе стапи во сила по добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ.

***Образложение***

Со оглед на престанокот на мандатот на еден од независните членови на Надзорниот одбор на Банката, поради поднесена оставка, а имајќи го предвид законскиот минимум на бројот на независни членови на одборот, Собранието на акционерите на ЦКБ АД Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Собрание на акционери,**
**претседавач с.р.**